**Обраќање на министерката за одбрана Славјанка Петровска**
**Прес буџет 2023 – Министерство за одбрана**
21.12.2022 – Влада на Република Северна Македонија

Почитувани новинари,
почитувана јавност,
почитуван премиер,

Силна, опремена и модернизирана Армија, способна да одговори на сите предизвици, Армија на која граѓаните може да се потпрат и да се чувствуваат безбедни. Ова е Армијата на Република Северна Македонија денеска. Тоа го овозможивме со постојано, континуирано вложување бидејќи тоа значи вложување во нашата безбедност.

А колку е важно вложувањето во безбедноста најдобро покажа актуелната безбедносна состојба на европско тло, во Украина, каде се води војна со конвенционални средства. Нешто што сметавме дека светот го оставил во историјата и што уште еднаш потсетува дека мора да бидеме обединети во заштитата на индивидуалните слободи и права, демократијата, владеењето на правото, меѓународниот поредок, во заштитата на територијалниот интегритет и суверенитет на секоја држава и максимално подготвени да ја гарантираме безбедноста на својата држава и на Алијансата на која и припаѓаме. Вложувањето во Армијата и грижата која државата ја покажува кон нејзините припадници придонесоа тие да возвратат на најдобар можен начин – со највисоката оценка од НАТО за Лесниот пешадиски баталјон кој во април годинава беше оценет како борбено способен за извршување на својата мисија според стандардите на НАТО.

Тоа се резултатите на вложувањата во секој еден припадник на Армијата на кои оваа година во соработка со синдикатите работевме напорно, и успеавме да создадеме услови во Законот за служба во Армијата со кој уште еднаш ги покачивме платите на припадниците на Армијата, ги направивме достапни отпремнините од над 20 000 евра за војниците со навршени 45 години, ја направивме достапна станарината од 9 500 денари како дополнување на месечниот приход на секој војник од моментот на склучувањето на договорот за работа а не по 4 години како што беше досега. И оваа грижа за Армијата ќе продолжи и понатаму. Армијата на Северна Македонија, денес НАТО Армија, е опремена, мотивирана, добро платена и модерна Армија која со ништо не заостанува зад сојузничките Армии. И еве како таа грижа навистина континуирано расте.

## Буџети на МО по години и процент од БДП

| ГОДИНА | ИЗНОС | % од БДП |
|---|---|---|
| 2010 | 105.130.000 евра | 1,59% |
| 2012 | 102.565.000 евра | 1,30% |
| 2014 | 97.852.000 евра | 1,22% |
| 2015 | 94.400.000 евра | 1,08% |
| 2018 | 100.516.000 евра | 0,95% |
| 2019 | 134.044.000 евра | 1,19% |
| 2020 | 163.435.000 евра | 1,37% |
| 2021 | 178.984.000 евра | 1,57% |
| 2022 | 220.661.000 евра | 1,77% |
| **2023** | **274.602.000 евра** | **1,85%** |

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Ова е табелата која покажува колку изнесуваше буџетот за одбраната во изминатите години, а колку денеска. Континуиран пад од 2015 година во следните неколку години и континуиран раст од 2019 година наваму. Буџетот за 2023 година значи речиси трикратно зголемување на средствата во споредба со 2018 година. На слајдот можете да забележите дека и со планираниот буџет за 2023 ја почитуваме преземената обврска за годишно зголемување на процентот од БДП на буџетот наменет за одбраната.

Буџетот за одбраната за 2023 година изнесува 17 милијарди и 25 милиони денари, односно 1,85% од БДП.
Тоа е зголемување на сумата за 24,45% во однос на буџетот за 2022 година.

## Континуирано зголемување на буџетот за одбрана

- Последните години, со зголемувањето на процентуалното учество во БДП, буџетот на одбраната континуирано се зголемува и во апсолутен износ.
- Буџетот на одбраната за 2023 година е зголемен за 0,08 процентни поени во БДП во однос на 2022 година.
- Буџетот за 2023 година е зголемен за 53.941.000 евра, односно за 24,45% во однос на 2022 година.
- Трета година по ред го исполнуваме едниот сегмент на DEFENCE INVESTMENT PLEDGE за вложување во опрема и модернизација повеќе од 20% - **односно 33% од буџетот за 2023 година.**

| Процент од БДП | |
|---|---|
| **2022** | **2023** |
| 1,77% | 1,85% |



Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

И оваа година покажуваме дека ги почитуваме обврските и стандардите кои сме ги прифатиле како земја членка на НАТО Алијансата. Првата обврска која произлезе од Самитот во Велс е земјите членки да издвојуваат 2% од БДП за одбраната.

Со континуираното зголемување на буџетот, во 2023 година ќе издвоиме 1,85% , што значи дека со продолжување динамиката на зголемување, во 2024 година ќе го реализираме она што го преземедовме како обврска.

Втората обврска од самитот од Велс и 20% од буџетот за одбраната да се искористи за опремување и модернизција на сопствените вооружени сили. Задоволство ми е да ве информирам дека со предложениот буџет за 2023, за опрема и модернизација издвоивме 33% од буџетот.




Ова се номиналните износи на буџетот, по категории. Вака изгледа распределбата на буџетот за одбраната за 2023 година и во наредните слајдови ќе дадам подетални информации за секоја категорија.




Средствата за опремување и модернизација на Армијата се зголемени за 6% во однос на 2022 година и изнесуваат 88.797.000 евра, што претставува како што реков 33% од вкупниот Буџет на Министерството за одбрана за 2023 година.

Планираните средства за опремување и модернизација се наменети за проекти со кои ќе се опремува Армијата, во насока на остварување на Целите на способности, кои беа усвоени од земјите членки на НАТО. Целите на способности се дел од планирачкиот процес на Алијансата, а се со цел зацврстување на колективната одбрана на НАТО.

Тука спаѓаат меѓу другите набавката на лесни оклопни возила JLTV и STRYKER, системот за противвоздушна одбрана, набавка на информатичка опрема, опрема за сајбер одбрана и други проекти.

**Главен фокус и во овој буџет, во поглед на опремувањето и подобрувањето на квалитетот на условите за работа е ставен на Лесната пешадиска баталјонска група која е декларирана како дел од нашите НАТО капацитети.**

Се работи за продолжување на процесот на модернизација на Армијата – обезбедување нова техника, вооружување, заштита на секој војник, соодветна опрема онака како што доликува на членка на НАТО.




Во буџетот се предвидени 16.194.000 евра за реконструкција на објекти и инфраструктурата на МО и Армијата, или над 10 милиони евра повеќе во однос на 2022 година.

Продолжува вложувањето во подобрување на енергетската ефикасност на објектите, како и вложувањето во еколошките енергенси во касарните.

Тука фокусот го ставаме на развој на концептот за ЕКО одбрана, односно воведуваме повисоки стандарди во одбраната.

Тоа ќе го направиме преку вложување во енергетска транзиција и во модерни и енергетски ефикасни објекти. Нашата главна цел е да извршиме комплетна промена во начинот на греење на касарните, и наместо загадувачки енергенси да се префрлиме на најмалку загадувачките енергенси. Гасификацијата на касарните ќе придонесе кон зачувување на животната средина.

Градежните работи и подготовките за префрлање на касарната Петровец на гас се завршени, очекуваме по Нова година да биде пуштено новото греење на гас како енергенс кој многу

помалку загадува од мазутот. Во 2023 година ќе продолжиме да работиме на гасификација на касарната во Куманово, а во тек е изработка на проекти за промена на енергенсот од мазут на гас за полигонот Криволак и кампот за обука Пепелиште.

Во 2022 завршивме 15 проекти на реконструкција и реновирање на објектите на Армијата, меѓу кои и санација и реновирање на сместувачките капацитети на Криволак и во Пепелиште, реновирање на сместувачките капацитети во касарната Петровец, изградба на нови санитарни јазли и пречистителни станици во Криволак, реконструкција на повеќе објекти во касарната Илинден и во касарната во Велес, реновирање на објект во касарната Страшо Пинџур во Скопје.

Во 2023 планираме 28 проекти за реконструкција на армиски објекти во касарните Јане Сандански во Штип, Мирче Ацев во Прилеп, Кузман Јосифовски - Питу во Тетово, Илинден и Гоце Делчев во Скопје, објекти на полигонот Криволак и во Пепелиште, како и реконструкција на покривот на Домот на Армијата во Скопје.
Особено внимаваме на зголемување на енергетската ефикасност на објектите. Таков вид на реконструкции во 2023 ќе бидат извршени на 6 објекти каде ќе се изврши промена на крововите, прозорците и ќе се постават енергетски ефикасни фасади.
На овај слај следен ќе видите зголемените примања на ПВФ веднаш по стапување на службата во Армијата.




Тука се планирани средствата за надомест на станарина за секој војник.

Со измената на Законот за служба во Армијата, исплата на надомест за станарина се врши од денот на нивното стапување на служба во Армијата, односно секој припадник добива по 9.555 денари за станарина како дополнување на месечните примања. Со зголемените примања, се зголемува и интересот за пријавување на конкурсите за прием на нови ПФВ.




| | 2010 | 2015 | 2017 | 2022 | 2022 (НАТО – единица) |
|---|---|---|---|---|---|
| професионален војник | 21.060 | 21.155 | 21.936 | 38.512 (28.957+ 9.555 станарина) | 44.212 (34.657 + 9.555 станарина) |
| подофицер (наредник) | 22.817 | 23.412 | 23.658 | 44.395 (34.840+ 9.555 станарина) | 52.095 (42.540 + 9.555 станарина) |
| офицер (потполковник) | 31.630 | 35.050 | 35.302 | 55.649 (46.094+ 9.555 станарина) | 59.649 (50.094 + 9.555 станарина) |
| Просечна плата во Северна Македонија | 21.454 | 22.715 | 23.850 | 31.871 | |

Во континуитет ја подмладуваме Армијата, со прием на нови припадници, за кои вработувањето во Армијата за разлика од претходно, поради подобрените услови, стана исклучително атрактивно. Денеска секој војник добива повеќекратно зголемена плата а со месечниот приход влегува и оваа сумата, со што месечниот приход е зголемен за над 70% на приходите на пример во 2010 година.

Еве и пример – професионален војник кој во 2010 земал 21 000 денари плата денеска има 38 512 денари месечен приход, подофицерот од 22 800 се качува на 44 395 а офицерот од 31 000 на 55 649 денари. Припадниците на Армијата со овие чинови, доколку се распоредени во НАТО единицата, имаат уште повисоки примања. Споредено со просечните плати, од табелата може да се види дека професионален војник до 2017 земал износ приближен на просечната плата, а денес неговиот месечен приход драстично ја надминува просечната плата. Тоа е вистинска грижа за Армијата.




Продолжуваме со инвестирање во луѓето! Ова е најважниот сегмент од буџетот бидејќи вложувањето во модернизација и опрема нема да функционира ако нема вложување во луѓето!

Во буџетот за 2023 се превидени средствата за новите 200 војници чиј прием ќе биде завршен во текот на овој месец, а во 2023 ќе примиме уште 300 нови војници. Ќе примиме уште 60 офицери, следува унапредување на 120 професионални војници во подофицери и се разбира ќе стипендираме студенти од критични специјалности кои и се потребни на Армијата и ова е уште една можност која се отвор со измените на Законот.




Со измената на Законот за служба во Армијата, за професионалните војници од 45 години старост, во буџетот се обезбедени средства со кои ќе се обезбеди отпремнина во износ од две просечни плати во Северна Македонија, но не помалку од 1.000 евра во денарска противвредност, за секоја година помината во Армијата, односно од 20.000 до 25.000 евра надомест кој може да го добие секој професионален војник по завршување на 45 години старост.




Чизмите, униформите, спортската и алпинистичка опрема, материјалните средства и муницијата за обуки и вежби се на располагање на Армијата, и тоа не се набавки еднаш засекогаш туку постојано мора да се обновуваат. Овој проблем на основна опрема на Армијата е решен за никогаш повеќе да не се појави. Затоа и во буџетот за 2023, определуваме средства за континуитет на редовно опремување на Армијата и покривање на сите потреби.

Особено е важно да потенцирам дека во 2023 година планирани се 1.613.000 евра за обезбедување на организирана исхрана - ручек секој припадник на Армијата.



## Зголемено учество во меѓународни мисии и операции

(категорија 42-Стоки и услуги)

| Планирано учество во мисии во 2023 година | |
|---|---|
| KFOR • Косово | 67 лица |
| ALTEA • Босна и Херцеговина | 33 лица |
| eFP • Латвија | 10 лица |
| UNIFIL • Либан (ООН) | 3 лица |
| ЕУТМ ЦАР • Централноафриканска Република | 2 лица |
| НМИ • Ирак (нова мисија) | 4 лица |
| EU HELBROC (нова мисија) | 34 лица |
| Enhanced Vigilance Activity eVA • Романија и Бугарија | 71 лице |
| NATO Response Force-NRF (нова мисија) | 2 лица |

Во 2023 година планирано е зголемено учество на припадници на Армијата во меѓународни мисии и операции со вкупно 111 лица.

Во 2023 вкупниот број на лица кои ќе учествуваат во меѓународни мисии и операции ќе изнесува **226 лица.**

Вкупните средства за учество во меѓународни мисии и операции изнесуваат 10.548.000 евра од кои:

- 1.790.000 евра за плати и надоместоци; и
- 8.758.000 евра за логистички трошоци.

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Во 2023 година ќе имаме најголем број припадници на Армијата во меѓународни мисии и операции во последните 10 години.

Вкупниот број на лица кои во 2023 ќе учествуваат во меѓународни мисии и операции ќе изнесува 226, односно 111 лица повеќе од оваа година. Планираното учеството е во мисиите на КФОР во Косово, Алтеа во Босна и Херцеговина,борбената група  во Латвија, мисијата УНИФИЛ во Либан, европската тренинг мисија во Централноафриканската Република, мисијата во Ирак, борбената група а Европската Унија предводена од Грција, новите мисии во Романија и Бугарија во редовите на зајакнатото присуство на НАТО Алијансата.

Вкупните средства за учество во меѓународни мисии и операции изнесуваат 10.548.000 евра од кои 1.790.000 евра за плати и надоместоци и 8.758.000 евра за логистички трошоци.

Нашето учество во мисиите го заокружува заслуженото место на Република Северна Македонија како кредибилен сојузник во Алијансата. Тоа е една од трите обврски кои сме ги превзеле со членството во НАТО. Тие обврски се – да се издвојат средства во висина 2% од БДП за одбраната, да издвоиме над 20% од тие средства за модернизација и да дадеме свој придонес во меѓународните операции. Тоа се таканаречените три СИ на кои се обврзуваат земјите членки на НАТО. На сите три полиња Северна Македонија потполно ги исполнува своите обврски.




Дозволете ми да завршам како што почнав – Северна Македонија денес има модерна, силна НАТО Армија која може да се соочи со сите предизвици и на која граѓаните можат да се потпрат. Инвестициите во луѓето, опремата и развивањето на способностите продолжуваат. Буџетот за одбраната е инвестиција во својата држава, во нашите граѓани и во нашата заедничка безбедност.